Новиот двомесечен билтен на СЕЛДИ покрива различни теми поврзани со корупција, вклучувајќи промени во законодавна рамка и политики, истражувачки документи, студии на случај, предизвици како и активности на партнерските организации.




Во билтенот се обработуваат теми како: Важноста на антикорупциските напори за промовирање на транспарентноста, отчетноста и владеењето на правото (страница 1); Ниската стапка на завршување на планираните активности од Акциониот план за спречување на корупцијата во Северна Македонија поради слабата посветеност и политичките влијанија (страница 5 ); Недостаток на практики и процедури за евалуација за управување со работата на директорите во институциите од јавниот сектор (страница 6).

Исто така, опфатени се информации за улогата на граѓанското општество во борбата против корупцијата и истакнати се најновите активности на мрежата СЕЛДИ, како што се настаните поврзани со подобрување на партиципативната демократија и зајакнувањето на влијанието на граѓанското општество во процесите на креирање политики и реформи.

Дополнително, во билтенот се осврнуваме на предизвиците со кои се соочува Албанија во предизборниот период, извештаите на меѓународни организации и институции за состојбите итн.

Информациите се собрани од повеќе различни извори за да ви овозможат најрелевантни информации од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.

Билтенот е подготвен во рамки на програмата „ Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во Југоисточна Европа: Градење на капацитети за мониторинг застапување и подигање на јавната свест (СЕЛДИ) ”, која се спроведува од Мрежата за лидерство и интегритет во Југоисточна Европа (СЕЛДИ), чиј координатор е МЦМС.

Програмата е финансирана од Европската Унија.